Врз основа на член 42 од Законот за средно образование, донесениот Предлог план за упис на ученици во прва година во учебна 2019 / 2020 на Наставнички совет од 18.01.2019 година и Конкурсот на запишување на ученици на МОН објавен во март 2019 година, Училишната комисија за упис на ученици во прва година на СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" Скопје, објавува:

## О Г Л А С
## За запишување на ученици во I година во учебна 2019 / 2020 година

Во прва година во учебната **2019 / 2020** година ќе се запишат вкупно 612 ученици во 18 паралелки (408 ученици во 12 паралелки со настава на македонски јазик и 170 ученици во 5 паралелки со настава на албански јазик и 34 ученици во една паралелка на турски јазик), а според наставни планови и програм за образовен профил:

| Образовен профил | Години на траење | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Мин. поени | Наставен јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Електротехничар за компјутерска техника и автоматика** | **четиригодишно** | **4** | **136** | **55** | **македонски** |
| | | **1** | **34** | | **албански** |
| | | **1** | **34** | | **турски** |
| **Електротехничар за електроника и телекомуникации** | **четиригодишно** | **2** | **68** | **50** | **македонски** |
| **Електротехничар енергетичар** | **четиригодишно** | **2** | **68** | **45** | **македонски** |
| | | **1** | **34** | | **албански** |
| **Електричар електромонтер на електроенергетски мрежи** | **тригодишно** | **2** | **68** | **30** | **македонски** |
| | | **1** | **34** | | **албански** |
| **Електромеханичар** | **тригодишно** | **1** | **34** | **30** | **македонс** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **ки** |
| **Електромеханичар за хардвер / софтвер** | **двегодишно** | **1** | **17/17** | **30** | **македонски** |
| **Електромеханичар за хардвер** | **двегодишно** | **1** | **34** | **30** | **албански** |
| **Електромеханичар за софтвер** | **двегодишно** | **1** | **34** | **30** | **албански** |

**Вкупно: 18 612**

**<u>УСЛОВИ ЗАЗАПИШУВАЊЕ</u>**

- Учениците да имаат завршено основно образование
- Да не се постари од 17 години
- Да се определи според наставни планови и програм за образовен профил

**<u>ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ</u>**

- Пријава за запишување (бесплатна, ученикот ја подига во училиштето)
- Оргинални свидетелства од VI – IX одделение
- Дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III ) места од меѓународни и државни натпревариод мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката, односно изборното подрачје - физика и математика
- Оргинал извод од матична книга на родени (без оглед на датум на издавање)

**<u>КОНКУРСНИ РОКОВИ:</u>**

**<u>ЈУНСКИ УПИСЕН РОК - I- пријавување</u>**

- На 17 и 18 јуни 2019 година
- Резултати од запишувањето на 19 јуни 2019 година

**По објавување на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 48 часа.**

**<u>ЈУНСКИ УПИСЕН РОК - II- пријавување</u>**

- На 24 и 25 јуни 2019 година
- Резултати од запишувањето на 26 јуни 2019 година

**ЈУНСКИ УПИСЕН РОК - III- пријавување**

- На 01 јули 2019 година
- Резултати од запишувањето на 02 јули 2019 година

**За учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување се организира втор уписен рок во месец август, во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок за што доставуваат доказна документација.**

**АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК**

- На 26 август 2019 година
- Резултати од запишувањето на 27 август 2019 година

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ**

- Среден успех на ученикот од VI-IX одделение
- Среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик, математика и физика)
- Дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III ) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката, односно изборното подрачје - физика и математика
- Средна вредност од поени добиени од поведение

За средниот успех од VI-IX одделение може да се добие најмногу 50 поени (општиот успех од VI,VII,VIII и IX одделение се собира, се дели со 4 и добиениот резултат се множи со коефициент 10).

За средниот успех од четирите наставни предмети ученикот може да добие најмногу 20 поени ( 5поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. ( За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени, за освоено место од државни натпревари: 3 поени за I место, 2 поени за II место и 1 поен за III место). На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средната вредност од поените за поведение од VI - IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделено со 4).

Ученикот по сите критериуми утврдени со овој конкурс може да добие најмногу 80 поени.

**РОК ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ НА НЕЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ**

- Приговори се поднесуваат во рок од 1 ден од објавување на резултатите до Училишната комисија
- Документите на непримените ученици може да се подигнат веднаш

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Пријавувањето се врши во училиштето ( не по пошта) лично од ученикот, родителот, односно старателот

Учениците кои го завршиле деветтодделение во РСМ, а едно, две или три одделенија (VI,VII и VIII во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

Некомплетни и неисправнидокументи нема да се примаат.

Запримените документи се издава потврда (евидентен број) за извршен прием.

За информации учениците, родителите односно старателите може да се обраќаат на контакт телефон 02 2529 703.

**Претседател на**
**Училишна комисија за упис**
**Димитар Ѓорѓиев**